# ИСТАПУВАЊЕ  И ИСКЛУЧУВАЊЕ НА СОДРУЖНИК ОД ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

**Судија м-р Наташа Савовска Димитровска**

Скопје, 26.10.2022.

- Поим на Друштво со ограничена одговорност
- Поим на Содружник  член на приватно - правна заедница која е конституирана како трговско друштво
- Основни права на содружникот од содружничкиот однос – индивидуални и колективни

- Што претставува **основен влог** - добрата и вредностите кои секој содружник ги внесува во друштвото при основањето.

- Што претставува **удел** - збир на права кои врз основа на договорот за основање на друштвото, содружникот ги стекнува спрема друштвото.

- Што е **имот** на друштвото - севкупност на права, сопственички и други права, кои друштвото ги стекнува над добрата кои содружниците ги вложиле во него како и оние кои друштвото ги стекнало по неговото основање

- ДОО е трговско друштво во кое едно или повеќе физички или правни лица учествуваат со по еден влог во однапред договорената основна главнина на друштвото

- ДОО може да има најмногу 50 содружници.

- ДОО се основа со Договор кој го склучуваат сите основачи, во писмена форма.

- Одредбата од чл.171 од ЗТД ја регулира содржината на договорот за основање

- Својството на содружници, физичките или правните лица го добиваат со основањето на друштвото и неговото евидентирање пред Централниот регистар на РСМ.

- Исклучувањето или истапувањето на содружниците е позврзано со правната судбина на нивниот влог врз основа на кој стекнале право на удел во друштвото.

1. Основи за престанок на содружнички однос:

- Истапувањето на содружник
- Исклучувањето на содружник
- Смрт на физичко лице-содружник,
- Престанок на правно лице-содружник,
- Стечај или ликвидација над содружник

2. Со договорот за друштвото можат да се определат и други основи за престанок на содружничкоот однос.

# ИСТАПУВАЊЕ

- Истапувањето на содружник може да биде:
- Врз основа на причини за истапување определени во договорот за друштвото и
- Врз основа на причини за истапување определени во ЗТД
- ЗТД ја допушта можноста, правото на истапување на содружник да се конституира со договорот за друштвото
- Ако е договорена можноста за истапување, тогаш договорот за друштвото (актот за основање) мора да содржи клаузули за условите, постапката и последиците од истапувањето.

# ИСТАПУВАЊЕ

- Дали е возможно *доброволно истапување* од друштвото, доколку тоа не е предвидено во договорот за друштвото и каква е судската пракса?

- Какви се правата на содружникот за располагање со уделот, нормирани во нашиот ЗТД.

# ИСТАПУВАЊЕ

- Содружник може да истапи од друштвото врз основа на одлука на судот - (*судско истапување*)
- Доколку постојат оправдани причини, содружникот може **со тужба** до надлежниот суд **да бара истапување**
- Причините ги утврдува ЗТД:
- ако другите содружници или орган на друштвото му причинат штета, или ако со натамошно негово учество во друштвото како содружник, ќе трпи неправедни штети
- ако е спречен во остварувањето на своите права во друштвото
- ако некој орган во друштвото му наметнува несразмерни обврски
- Рокот за поднесување на оваа тужба е 90 дена од денот на настанување на причината

# ИСКЛУЧУВАЊЕ

- Исклучувањето на содружник од друштво претставува основ за престанување на содружничкиот однос, *спротивно на волјата на содружникот*.
- Со правото на исклучување на содружник се користи *друштвото*, односно *содружниците на друштвото*
- ЗТД дозволува (чл.208, ст 1) исклучување на содружник врз основа на договорни можности за исклучување
- Можноста за исклучување од друштвото нема да постои, доколку таа не е валидно договорена, односно да се определени условите, постапката и последиците од исклучувањето.

# ИСКЛУЧУВАЊЕ

- *Судско исклучување* на содружник од друштвото
- Право на секој содружник, односно на друштвото, **со тужба** да бара друг содружник **да се исклучи од друштвото** (рок 90 дена)
- Законски услови (основи) за исклучување (чл. 208, ст 2 од ЗТД):

# Дејство на истапувањето и исклучувањето на содружник од друштвото

- Престанува содружничкиот однос и сите права што произлегуваат од него
- Права на содружникот во случај на истапување/исклучување:
- - право на надомест на неговиот удел според пазарната вредност во време на истапување –(*кој и на каков начин се утврдува?*)
- - ако влогот бил непаричен – внесеното да му се врати, ако тоа право е определено во договорот за друштвото или ако за тоа се согласат другите содружници

- Побарувањето за поврат на внесеното стасува во рок од 3 месеци од денот на истапувањето/исклучувањето
- Ако исклучениот содружник бил должен да исполни некоја друга обврска спрема друштвото, друштвото нема да му го надомести неговиот удел додека тој не ја исполни обврската кон друштвото и не му ја надомести штетата
- Начинот на вршење на проценката се утврдува спогодбено меѓу содружникот и друштвото
- Доколку не се постигне спогодба – судот определува овластен проценувач

- Што се случува со уделот на истапениот/исклучениот содружник??

- Три можности – со аналогна примена на одредбите од ЗТД
- 1. уделот да биде откупен од страна на друштвото
- 2. да биде откупен од страна на еден или повеќе содружници
- 3. уделот да биде повлечен (т.н. амортизација на удел) што би повлекло намалување на основната главнина на друштвото

- Истапувањето/исклучувањето мора да се евидентира во книгата на удели, како и во трговскиот регистар при ЦР на РСМ

- Момент на престанок на содружничкиот однос – кога на содружникот ќе му се исплати паричниот надомест, односно ќе му се врати внесеното

Благодарам на вниманието

